325.83:355.3/.4.071 (497.7) „1893/1905“ review scientific article

# СОЗДАВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ ВО ПРЕДИЛИНДЕНСКИОТ И ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД

# THE CREATION AND DEVELOPMENT OF A MILITARY ORGANIZATION DURING THE MACEDONIAN NATIONAL-REVOLUTIONARY MOVEMENT IN THE PRE-ILINDEN AND ILINDEN PERIOD

Zorica Saltirovska, PhD. Faculty of Philosophy – Institute of Security, defence and peace. zorica_ind@yahoo.com

АПСТРАКТ

За постоењето на државата од круцијално значење е постоењето на воена организација. Многу примери од историјата покажале дека и по најголемиот пораз во битка, државата ќе продолжи со егзистирање само доколку успее да ја реорганизира својата воена организација. Дури и во услови кога населението на определена територија било под туѓа власт и не живеело во сопствена држава, сите негови обиди за ослободување и создавање сопствена држава биле директно поврзани со военото организирање и изградбата на воена организација.

До пред крајот на 19-тиот век, борбата на македонското население за ослободување од османлиска власт се сведувала на стихијни бунтови и востанија, одметнувања, ајдутство и други форми на борба и отпор, кои не биле однапред планирани, подготвувани и воено организирани, поради што биле без некои позначајни резултати. Појавата на Македонската револуционерна организација на историска сцена во последната деценија на 19-тиот век била израз на стремежите на македонското население за слобода и човечка правдина, под форма на автономија во рамките на османлиската држава. Како масовна организација, со јасна политичка програма и цел, со изграден систем на комуникации, со сопствени борбени сили, судство, задгранично претставништво итн., таа раководела со подготовките и изведувањето на Илинденското востание, преку кое го наметнала македонското прашање пред меѓународниот фактор како одделно политичко прашање. Создавањето и развојот на воена организација според нормиран и озаконет процес, високиот степен на поопштественост, доброволниот карактер и високата мотивираност за вклучување во национално-ослободителната борба, револуционерната дисциплина, масовноста, која има јасно одреден концепт и борбена организираност, воведувањето

на принципот на меѓународното хуманитарно воено право и слично, се дела со трајна вредност. Тие покажуваат дека востаничките сили настојувале да бидат признаени како страна што војува, а не разбојничка банда, како што сакала турската влада да ги претстави пред меѓународната јавност. Сето тоа е доказ дека во Илинденскиот период постоела воена концепција, воена организација и востанички сили на национално-ослободителната револуција, а со тоа и воена стратегија која како воено минато и воено искуство е голем придонес кон македонската воена мисла и наука.

Клучни зборови: Воена организација, Илинденско востание, Воена стратегија.

ABSTRACT

The existence of a military organization is of a crucial importance to the existence of a country. As shown through countless examples from history, even after the toughest defeat in battle, the country continues its existence only if it succeeds in reorganizing its military organization. Even under conditions when the population of a certain territory was under foreign rule, and did not live in their own country, all their efforts for liberation and creation of a country were directly linked to the military organization.

Until the end of the 19 century, the Macedonian people's struggle for liberation from Ottoman rule was based on rebellions, uprisings, revolts, and other forms of struggle and resistance, which were not previously planned, prepared and militarily organized, which is why they lacked significant results. The appearance of the Macedonian Revolutionary Organization as a protagonist on the historical stage in the last decade of the 19 century was an expression of the Macedonian people's tendencies towards freedom and human justice in the form of sovereignty within the borders of the Ottoman Empire. As a mass organization with a clearly set political program and goal, a built communications system, with their own battle forces, judiciary, representatives beyond borders, it headed the Ilinden uprising, thus imposing the Macedonian issue in front of the international community as a separate political issue. The creation and development of a military organization, through a legitimate and lawful process, the high level of participation, the voluntary character and the high motivation in inclusion in the national liberation struggle, the discipline, the introduction of the international humanitarian law and so on, are deeds with a permanent value. They prove that the rebel army wanted to be acknowledged as a party in a war, rather than a band of outlaws, as the Ottoman government tended to present it to the international community.

All this goes to prove the existence of military plans, organization and forces of the national liberation revolution, and by that, a military strategy, which is a valuable experience and a great benefit to the macedonian military science.

Keywords: Military organization, Ilinden uprising, Military strategy.

ВОВЕД

Историјата на македонскиот народ е исполнета со бројни поробувања и непризнавања, но и со непрекината борба за слобода и право на национален и општествен развиток. Дури и во периодот на петвековната османлиска власт, македонското население не ја загубило својата посебност, свест и вера. Военото минато, воената организација, воинственоста и борбата за национално ослободување на македонското население произлегува од сенародното национално ослободително движење кое во секоја наредна фаза ги надминува претходните, вградувајќи ги позитивните искуства и традиции во новите содржини и облици. Воената историја на македонскиот народ е толку богата колку што е богата и неговата борба за национално и социјално ослободување. Согледувајќи ја воената организација и нејзиниот развој во одделни периоди од револуционерната и слободарската воинственост што е мошне специфична и автохтона, може да се извлечат значајни заклучоци кои ја збогатуваат воено-научната мисла.

И покрај тоа што воената историја на македонскиот народ не тргнува ниту завршува со Илинден 1903 година, несомнено е дека овој период има посебно значење и е своевидна кулминација на вековните стремежи на македонскиот народ за национално ослободување и формирање сопствена држава. Континуираната борба која почнува со помали оружени одметнувања на обесправените кулминира во масовни општонародни востанија во одредени општествено-историски етапи и услови. Во Кресненското, Разловечкото и Илинденското востание, воената организација достига мошне висок степен на развој. За разлика од поранешните ајдутски буни и востанија, кои повеќе или помалку започнале стихијно, во овие востанија се забележува квантитативно и квалитативно повисока фаза во развојот на ослободителната борба и на воената организација, што е резултат на грижливите подготовки за востанијата. Поради тоа, за воената историја, но и за современата воена мисла и практика, овој период е од исклучителна важност, бидејќи вредните сознанија и искуства можат да најдат свое место и во современото воено организирање.

## ФОРМИРАЊЕ МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА И НЕЈЗИНАТА АКТИВНОСТ ВО ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

По распуштањето на Македонското (Кресненско) востание, четите не ја прекинале својата активност и покрај тоа што биле значително намалени и ослабени. Угнетувањето на населението од страна на Турците, неспроведувањето на реформите согласно членот 23 од Берлинскиот договор, насилствата од башибозучките банди, од регуларната војска и од албанските муслимани кои по налог на турската влада ги гонеле востаниците, како и префрлувањето банди и организирани групи преку границите со Бугарија, Грција и Србија, создале состојба во која било неопходно востаничките чети да се развиваат и да ги продолжат вооружените дејства, а се формирале и нови чети за самоодбрана во македонските села и градови. Со тоа безредијата уште повеќе се зголемиле.

На 23 октомври/4 ноември 1893 година, од страна на македонската интелигенција била формирана Македонска револуционерна организација (МРО). На основачкиот состанок била разгледана општата ситуација во Македонија, врз основа на која било констатирано дека е потребна добро планирана и сериозна акција, и тоа колку е можно побрзо. Со тоа, основоположниците на МРО свесно презеле личен ризик, со оглед на фактот што како илегална организација биле надвор од постојните закони (Ѓорѓиев, 2010:89). При конкретното конституирање на МРО на 5 јануари 1894 година, било поставено прашањето за целта, името и поставеноста на Организацијата. Притоа, декларираната цел – политичка автономија треба да се сфати како преодна етапа кон повисоката, конечната цел – слободна, независна македонска држава. На чело на МРО бил Централниот македонски революционерен комитет (ЦМРК) со седиште во Солун. Првиот устав на МРО содржел 14 члена, распоредени во 4 глави, во кои се опфатени: целта, составот, устројството, материјалните средства и казните. Според Уставот, Организацијата се состоела од селски, околиски и окружни комитети, поставени врз хиерархиско-централистички принцип. Над нив стоел Централниот комитет. Од безбедносни причини секој Комитет имал своја тајна пошта и тајна полиција. Врз основа на последната одредба на Уставот, бил изработен Правилник, кој содржел 50 члена, распоредени во 11 глави. Во нив се разработени: 1. составот, устројството и должностите на револуционерните комитети; 2. должностите на управните тела на месните револуционерни комитети; 3. должностите на членовите на управните тела; 4. должностите на началниците на групите; 5. должностите на членовите-работници; 6. кореспонденција; 7. тајна пошта; 8.

тајна полиција; 9. казни; 10. вооружување; 11. материјални средства (Ѓорѓиев, 2010:100). Според Правилникот (член 6) потчинетите комитети на крајот од годината биле должни да поднесат детален извештај за бројот на членовите и колку од нив се способни да се борат со оружје, состојбата на оружјето и потребата од него, активноста и квалитетот на тајната полиција и тајната пошта, финансиската состојба, духот на членството и противниците, и бројот на османлиските сили (војска, полиција, башибозук). Приемот на нови членови се дозволувал само со препорака од постар член или со дозвола од претседателот, а секој член бил должен да плаќа членски влог и да се грижи за набавка на сопствено оружје. Комитетот се грижел за вооружување на сиромашните членови (член 17). Организацијата имала конспиративен карактер, а нејзините членови немале право самоиницијативно да преземаат никакви активности. За следење на поведението на членовите била задолжена истражната тајна полиција, а за извршување на казните врз лица кои се огрешиле кон делото – казнената тајна полиција, која ги извршувала одлуките на месниот комитет (член 38–40).

По падот на Стамболовиот режим во 1894 година, разгорувањето на Ерменската криза и вмешувањето на европската дипломатија, македонската емиграција во Бугарија организирана во македонските братства, во март 1895 се обединила во Македонски комитет (МК). Декларирајќи се за политичка автономија, МК веднаш по формирањето започнал да праќа чети во Македонија со намера да испровоцира востание кое подоцна било наречено Мелничко востание. Вовлекувањето доверливи луѓе на бугарската политика во МК резултирало со манипулација со патриотските чувства на македонските емигранти, со што МК станал инструмент во рацете на бугарската влада и кнезот. На советувањето во Солун, летото 1895 година, МРО донела одлука МК да дејствува во согласност со нејзините цели, да не испраќа вооружени чети и поединци во Македонија и да не соработува со самонаречени претставници на МРО. Во спротивно, МРО предупредила дека ќе биде беспоштедна кон сите кои не ги почитуваат нејзините закони и правилници, и без нејзина согласност вооружени влегуваат на нејзината територија (Страници от..., 1929:3–4). На Вториот конгрес, МК бил преименуван во Врховен македонски комитет (ВМК), а биле извршени и некои статутарни промени. Тенденциите за наметнување над МРО, кои ги демонстрирал ВМК, МРО вешто ги игнорирала, потенцирајќи ја својата независност, без да ги прекине односите. Комуникацијата и соработката со македонската емиграција била неминовна заради потребата од нејзините морални и материјални ресурси за македонското ослободително дело (Ѓорѓиев, 2010:160).

Пролетта 1896 година во Солун, МРО го одржала Прввиот конгрес од кој излегла со ново име – Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО). Организационата територија била поделена на нови револуционерни окрузи: Солунски, Битолски, Скопски, Струмички, Серски и Одрински надвор од Македонија, а Прилеп и Цариград се стекнале со право директно да комуницираат со ЦК во Солун (Димески, 1982:93). Конгресот зазел став: со ВМК бугарското општество и македонската емиграција да се одржуваат добри односи, за да не се лиши Организацијата од значајна материјална помош. Исто така, била донесена одлука да се отвори Задгранично претставништво, кое ќе ја претставува ТМОРО и ќе ги одбива надворешните влијанија и пропаганди (Др. Х. Татарчев, Вътрешната...:46). Конгресните решенија биле преточени во нов Устав и Правилник на ТМОРО, за кои биле задолжени Гоце Делчев и Ѓорче Петров (Ѓ. Петров, Спомени, Кореспонденција...:84). Новиот Устав на ТМОРО содржел 19 члена, распоредени во 4 глави. Според членот 3, ТМОРО се состоела од „месни револуционерни организации (дружини) во секој град и село". Месните организации, раководени од месен комитет (управно тело), се делеле на групи, на чело со началник (десетник). Комитетите се делеле на селски, околиски и окружни, над кои стоел ЦК, кој директно ги назначувал раководителите на окружните комитети. Овие, пак, го потврдувале раководството на околиските комитети, а тие на селските. Секој околиски реон имал своја чета (член 11), а задачите на четите биле определени со специјален Правилник, со што биле создадени претпоставки за појава на првите чети и четничкиот институт. Тајната пошта и полиција биле задолжителни за секој комитет (член 14 и 15). Правилникот содржел 48 члена, распоредени во 10 глави, во кои се обработени правата и обврските на комитетите, началниците на групите, членовите-работници, тајната пошта и полиција, како и начинот на кореспонденцијата, вооружувањето и снабдувањето со материјални средства. Биле предвидени и казни за оние кои не го почитувале Уставот и Правилникот (Ѓорѓиев, 2010:168). Во 1897 година, со лично залагање на Даме Груев, била формирана првата чета на ТМОРО во рамките на Солунскиот револуционерен округ. Оваа чета била значаен мотивирачки фактор за населението, кое почнало масовно да се приклучува, бидејќи неговата самодоверба зајакнала. Во 1898/99 година формирањето на околиските чети се одвивало со поголем интензитет, се собирало оружје и средства за потребите на вооруженото востание, се формирала мрежа од тајни поштенски комитети, во кои голема улога одиграле жените-курири, се воспоставиле судови, а редот во дадени места го одржувала тајна полиција.

Во составот на вооружените сили на ТМОРО, покрај вооружените чети, влегувала

и селската милиција (еден вид вооружување на народот) и во неа биле вклучени сите членови на ТМОРО кои располагале со сопствено оружје. Селските револуционерни комитети ги назначувале одговорните за селската милиција со која командувал Централен комитет, преку Селскиот револуционерен комитет. Исто така, активни биле и курирската служба и тајната полиција, составена од истражно и извршно одделение. По успешно извршената задача на агитационо-организационите чети, кои биле јадра за регрутација на нови раководители и за прием на нови борци, пред крајот на 1898 година се создале услови за формирање и на четните институти на ТМОРО. Нивното формирање било регулирано со одлука на ЦК на ТМОРО, а поради свесноста дека нејзините цели и задачи не може да се остварат само со малубројниот состав на агитационо-организационите чети, туку со соодветни вооружени сили.

Според Татарчев, кон крајот на 1899 и почетокот на 1900 година „земјата веќе била прошарана со чети" и секоја околија имала своја чета (д-р Х.Татарчев, Вършнатa...,107). Тоа ја наметнало потребата од поконкретно определување на местото и улогата на четите во Македонското револуционерно национално ослободително движење. За таа цел Гоце Делчев и Ѓорче Петров изработиле Правилник за четите на ТМОРО кој се состоел од пет глави и 47 члена. Според Правилникот секој околиски реон уредувал по една чета која се движела тајно зависно од потребите и по распоред на Месниот комитет. Во втората глава од Правилникот определен е начинот на агитирање на четите, нивната организација, извршните и крајните задачи. Притоа, четите не само што требале да ги разјаснуваат и шират идејата, целта и задачите на Организацијата меѓу населението, туку требале и морално да влијаат врз истото, да го обучуваат во воен поглед, да се грижат за неговото вооружување, да му помагаат на Месниот комитет во собирањето средства за потребите на делото, по негова наредба да ги исполнуваат смртните казни, да ги прогонуваат разбојниците и четите кои не ѝ припаѓаат на ТМОРО. Четите биле оружени јадра кои на повик од ЦК биле должни први да го кренат и развеат знамето на востанието. Во третата глава од Правилникот се регулирани општите правила за четата при што се предвидуваат најстроги казни за четата која со својата активност ќе придонесе за предвремено бунтување на населението и ќе ја завлече Организацијата предвремено во борба. Според четвртата глава, во која се уредени односите помеѓу четата и комитетот, четата е потчинета на месното раководно тело, ги исполнува неговите наредби и го известува за активностите. Во петтата глава се регулирани составот и внатрешниот ред на четите. Според член 27 четата е составена од 7 или повеќе четници на чело со началник

определен од ЦК. Грешките биле казниви, а за повторена грешка следело исклучување од четата и од Организацијата (член 450). Решението за смртна казна го донесувала целата чета со одобрување на реонското раководно тело (Димески Д., Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает, 1980:327–330).

Со Правилникот за четите била воведена поголема демократија и оперативност на окрузите и четите, а во врска со омасовувањето на ТМОРО, четите својата агитаторска дејност требале да ја вршат кај целото население, без оглед на вера и националност, што е нов момент во дејноста на четите, бидејќи претходно агитирале само кај македонското население. Во периодот од 1900 до 1903 година вклучувањето на населението во четите било масовно. Сè почесто се примале и жени, а во 1901 година во Кичевско, Охридско и Костурско биле организирани женски дружини на чело со жени-десетари и стотари. Тие вршеле разни дејности во полза на Организацијата: им помагале на ранетите, пренесувале тајна пошта и оружје, подготвувале храна, тајно ги погребувале убиените борци, а понекогаш учествувале и во агитационо-организационите чети (Петров, 1993:68). Развојот на четничкиот институт и дејноста на агитационо-организационите чети довеле до брзо револуционеризирање на населението.

Во 1902 година, поради големината на околиските чети, се наметнала неопходноста тие да се поделат на помали, реонски чети, а до крајот на годината од реонските се формирале селски и градски чети. Во втората половина на 1902 година, по иницијатива на Гоце Делчев, а поради бројните недостатоци на околиските чети, биле формирани неколку ревизиони (инспекциски) чети, кои биле задолжени за реорганизација на четите и зацврстување на дисциплината во нив. Нивната дејност за кратко време ја подобрило состојбата и ја зголемило борбената готовност на четите. Со тоа, структурата на востаничките сили на ТМОРО, била конечно оформена и потчинета на единствено и централизирано командување со солидна основа за успешно раководење. Во почетокот на 1903 година, непосредно пред Илинденското востание, бил изработен Правилник на востаничките чети, со кои била одредена организационата структура на реонските чети и нивната бројност (20–30 борци).

Горноџумајското востание и врховистичките повици за ново востание идната пролет, ја испровоцирале одлуката на ЦК на ТМОРО за свикување конгрес, како и поставување на прашањето за востание во 1903 година. На Солунскиот конгрес на 2.– 3. (15.–17.) 1. 1903 година под претседателството на Иван Гавранов презентираните повици за востание биле потрепени со тезата за наводно поволната меѓународна ситуација и воената

поддршка од страна на Бугарија која би влегла во војна со Турција доколку востанието издржи две седмици (Пандевски,М., Македонското...,т.2,188). На 3. (16.) 1. 1903 година била изгласана одлуката за „посеместно и стратешко" востание без да се определи денот за почеток. За разлика од Конгресот во Солун, на советувањата во Софија организирани од задграничното претставништво, по прашањето за востание се издиференцирале две групации. Според мнозинската групација предводена од Ѓорче Петров и Гоце Делчев, подготовките не биле доволни, а ситуацијата била сложена. Поради тоа тие предлагале да се промени дотогашната пасивно-подготвителна тактика кон поголема активност со дејства кои постепено ќе водат кон востание. На тој начин требало да се дојде до перманентно востание без негово формално објавување. Делчев претпочитал комбинирана примена на четнички дејства со терористички акции, па веднаш заминал во Серскиот округ за да ја демонстрира новата концепција на дело (Ѓорѓиев, В., 2010:276). Помеѓу идејата за перманентно и идејата за општо востание, компромисот бил решен со прифаќање на терминот „засилени партизански дејства" за што требало да биде известен Гарванов. Меѓутоа, Конгресот во Солун не чекајќи го исходот од советувањето во Софија, веќе донел одлука за општо востание. Бугарија, пак, која во прво време ветувала помош на идното востание и му давала импулс на македонското движење, откако се нашла во незгодна ситуација се обидела да го запре. Одбивањето на ТМОРО да го одложи востанието по барање на Бугарија претставува демонстрација на самостојниот македонски карактер на востанието (Ѓорѓиев, В., 2010:280).

## ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО ПРЕДИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД И ПРИМЕНЕТАТА СТРАТЕГИЈА ВО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Пролетта 1903 година Македонија била преплавена од голем број чети. Предвостаничкиот амбиент и атмосфера силно се чувствувале насекаде, а ЦК презел иницијатива за враќање на македонските печалбари во земјата за да земат учество во востанието. Подготовките за востание биле забрзани и се одвивале со поголема динамика. Во таква востаничка атмосфера Даме Груев, кој сметал дека решението за востание е пребрзано, на средбата со Гоце Делчев се согласиле востанието да се прогласи кон крајот на летото и да биде партизанско-четничко, а не масовно. На Смилевскиот конгрес на 19.–24. 4. (2.–7. 5.) 1903 година била разгледана морално-материјалната состојба во Битолскиот округ по реони при што се покажало дека некои реони се мошне слабо вооружени. За обезбедување на материјалните услови за потребите на востанието било предвидено

собирање храна, лекови, облека и други потребни средства, како и определување на специјални лица за интенданти и полнење патрони (Чакаларов, В., Дневник...228). Во однос на карактерот на востанието, Конгресот утврдил тоа да биде „посемесно" со востанување на сите реони во округот, а за да се обезбеди долготрајност на востанието Конгресот решил тоа да има партизански карактер со едновремено востанување на сите чети без приклучување на населението кон четите (освен кога четите имаат потреба од нивното содејство). Бил избран и Главен штаб за Битолскиот револуционерен округ, кој требало да раководи со подготовките до востанието и со самото востание. Со тоа Главниот штаб ја презел улогата на врховно воено и политичко тело на претстојното востание. Тој непосредно раководел со реонските горски началства во Битолскиот округ, имал овластување да преговара со претставници од други држави или со непријателот, да одржува врски со другите револуционерни окрузи и друго. Со формирањето на Главниот штаб и конституирањето на горските началства, организацијата во Битолскиот округ од мирновременска поминала во востаничка состојба (Пандевски, М,. Македонското...,249).

На последното, четврто заседание на Конгресот, бил усвоен Востанички дисциплински устав како највисок акт кој ги регулира правата и должностите на востаниците, војводите и четите сè до највисокото раководно тело – Главниот штаб. Во него, покрај другото, се забранувало напаѓање на муслиманското невино население, се предвидувале санкции за евентуалните грабежи, пијанства, блудничење, силување жени и друго. Во текот на мај 1903 година, Задграничното претставништво изработило Општ план и цел на востанието, во кој всушност била разработена стратегијата и тактиката на партизанското војување и покрај тоа што раководството на ТМОРО било за општо едновремено востание. Во Општиот план се потенцира дека ќе се води партизанска борба проследена со „терористички и анархистички мерки" со истовремено дејствување на сите сили и насекаде без да востане населението. „Целта на востанието не е да ја победиме Турција, туку таа да не може да нè победи" (Ѓорѓиев, 2010:307). Со тоа востанието би било долготрајно иако послабо со што на Турција би ѝ се одзела можноста да изјави дека редот е воспоставен, а македонското прашање подолго би било отворено пред европската дипломатија.

За борбеното оспособување на народот, непосредно пред востанието, биле отворени специјални курсеви за обука на инструктори, кадри за војводи, и пократки курсеви за селското население заради практично воведување во тактиката на одбраната и нападот. Овие курсеви особено се прошириле по Смилевскиот конгрес во мај 1903 година, кој им

посветил посебно внимание на прашањата за потребата од поинтензивно оспособување кадри за ракување со оружје и изучување на основните елементи на партизанската борба. Во четите, вооружените луѓе, поделени во групи, на чело со десетари, секое слободно време го користеле за обука. Курсната обука била поставена во една вертикална програмска диференцираност. Инструкторите и војводите завршувале повисок курс, десетарите понизок, а борците и населението биле опфатени со елементарни курсеви. Целокупната обука била поставена во еден прилично организиран систем, во чии рамки се изведувала интензивна воена подготовка, особено во периодот од мај до август 1903 година, со што се зајакнал борбениот елемент на востанието (Миноски, 1978:614–615).

Непосредно пред Илинден веќе далеку било надминато оруженото (поединечно и групно) ајдутство, и поранешната расцепканост и недоволна поврзаност на оружените групи и дружини. Станува збор за воена организација, што е докрај изведена од политичката организација на народно-ослободителното движење (ТМОРО) во функција на целите на борбата и ослободувањето. Воената организација била присутна секаде каде што било остварено политичкото организирање.

Османлиските владини кругови, пак, непосредно пред почетокот на Илинденското востание, се нашле војнички неподготвени да го совладаат неочекуваниот востанички удар. Нивната неподготвеност и неспособност се изразила во две линии: низ недостаток на воени сили и немање разработен план за совладување и уништување на востаничките сили. Особено критични за османлиската власт се покажале првите десет дена од востанието, кога таа ја распоредувала војската. Се цени дека во времето на избувнување на востанието, во Македонија имало околу 150 000 османлиски војници, а при неговото задушување учество зеле дури 350 000 војници, башибозуци и други воени и полувоени османлиски формации. Од друга страна, бројната состојба на македонските востанички сили броела околу 26 000 борци (Треневски, 1998:54–55).

Османлиската офанзива за задушување на востанието предвидувала опкружување на востаничките подрачја со големи воени сили, при што со нивното стеснување и со решителен удар во центарот би се разбиле востаничките сили. Борбените можности, пак, на македонските востанички сили биле мошне ограничени, како во однос на расположивото оружје и муниција, така и во однос на нивната организираност, опременост и бројниот состав (Пандевски, 1978:51–55). Тоа овозможувало извршување само на помали борбени активности, што дошло до израз во текот на востанието, особено во вториот период (при борбите за одбрана на слободно Крушево, на пример) кога востаничките сили морале

да влезат во директен судир со османлиската војска. Во таква ситуација, до израз доаѓа најмногу предноста во луѓе, опрема и вооружување, која била на страната на османлиската војска. Впрочем, нивната воена организација била веќе со богато воено искуство и извежбана за дејствување токму во такви ситуации (Даскаловски, 1998:97).

Партизанскиот карактер на Востанието, во почетокот делумно ги дал очекуваните резултати. Но, по започнувањето на турската офанзива, востаниците се нашле во дефанзива, најчесто избегнувајќи ги отворените фронтални судири со надмоќната армија. Со тоа, и покрај големите загуби, главнината на востаничките сили била зачувана. Оваа тактика била делумно во согласност со предвидената стратегија за долготрајно востание, но од неа се отстапило поради масовното приклучување на населението кон востаниците и формирањето на големите збегови. Тоа го отежнало брзото маневрирање на четите бидејќи тие морале да издвојат сили и средства за одбрана на населението. Во текот на востанието на површина избиле недоволната комуникација и координираност меѓу Главниот штаб и реонските горски началства (Ѓорѓиев, В.,2010:324).

Откако турскиот план за уништување на главнината на востаничките сили не ги дал очекуваните резултати и директните воени мерки не успеале да ги потиснат востаниците, османлиската власт по сугестии од Германија преминала на репресивни мерки кои би овозможиле брзо воспоставување на редот. Целта била да се избегне актуелизирањето на македонското прашање и вмешувањето на големите сили. Палењето на селата и жестокоста кон неборечкото население требало морално и материјално да го скршат духот на македонските востаници. Оваа мерка имала многу посилен психолошки ефект отколку воените експедиции. Прифатената дефанзива од страна на востаниците и нивното избегнување на отворени судири во населените места не го промениле однесувањето на власта (Ѓорѓиев, 2010:327). Драматичната состојба која настанала во Македонија не била резултат само на безмилосниот терор врз населението, туку и поради пројавената деморализација кај поединци, апелите на власта за враќање на населението по селата, конзулските совети и гаранции за амнестија на востаниците, како и гласините за нов реформски проект. Поради сето ова, (по неуспешниот обид на ГШ да добие помош преку воена интервенција на Бугарија) било наметнато прашањето за демобилизација на востаниците. На 19. 9. (2. 10.) 1903 Главниот штаб донел одлука за постепена и организирана демобилизација. Планот за демобилизација предвидувал: распуштање на востаниците и нивно враќање по

домовите, прибирање и складирање на оружјето, мигрирање на компромитираните раководители и сведување на минимум на раководниот кадар на теренот (Пандевски, М.,Македонскиот...:523–524).

Материјалните и моралните жртви што ги поднел македонскиот народ за време на Илинденското востание, биле навистина големи. Во 239 вооружени судири меѓу македонските востанички сили и османлиската војска биле убиени 8 816 лица, од кои 1 000 востаници, околу 30000 лица побегнале во соседните балкански земји, 70 836 лица останале без покрив над главата, биле изгорени 12 400 куќи во над 200 опожарена места (Пољански, 1955:12), биле убиени 4 700 жени, деца и стари луѓе, а околу 3 000 жени и девојки биле силувани (Македония и Одринско, 1904:180–183).

Иако недоволно подготвено, без поддршка од европските и соседните балкански држави, со вмешаност на бугарската пропаганда, несразмерно развиено низ целата територија и слаба вооруженост, Илинденското востание е сепак крупен настан во поновата историја на македонскиот народ. Тоа имало широк одзив кај сите слоеви на народот и сите националности, поради што било масовно. Иако војнички гледано било неуспешно, од политичка гледна точка, тоа било успешно бидејќи имало широк одглас кај светската прогресивна јавност, а особено меѓу македонските иселеници и печалбари. Низ целиот свет се прочуло за високовоздигнатата македонска национална свест, за масовната самопожртвуваност при остварувањето на националните стремежи, за страдањата и борбите, поради што од сите страни на светот пристигнувала помош за настраданото население. Македонските комитети организирале масовни протести и митинзи и собирале хуманитарна помош.

Создавањето и развојот на воена организација според нормиран и озаконет процес, високиот степен на поопштественост, доброволниот карактер и високата мотивираност за вклучување во национално-ослободителната борба, револуционерната дисциплина, масовноста, која има јасно одреден концепт и борбена организираност, воведувањето на принципот на меѓународното хуманитарно воено право и слично, се дела со трајна вредност. Тие покажуваат дека востаничката војска настојувала да биде признаена како страна што војува, а не разбојничка банда, како што сакала турската влада да ја претстави пред меѓународната јавност. Сето тоа е доказ дека во илинденскиот период постоела

воена концепција, воена организација и востанички сили на национално-ослободителната револуција, а со тоа и воена стратегија која како воено минато и воено искуство е голем придонес кон македонската воена мисла и наука. Оваа стратегија на вооружен народ ефикасно се применувала и многупати подоцна, не само во напорите на македонското население за ослободување и создавање сопствена држава, туку и во другите делови во светот, како стретегија во која недостатокот од материјално-техничкиот фактор ефикасно се надополнува со човечкиот фактор и неговото ангажирање во општонародна војна.

ЗАКЛУЧОК

Периодот од официјалното формирање на Македонската револуционерна организација во 1893 година, па сè до почетокот на Илинденското востание бил исполнет со низа мерки од воено-оперативен карактер, нормативни, материјални и организациски подготовки, кои биле во насока на организирање и развивање на воената организација, како значаен и незаменлив фактор во поставената стратегиска цел на македонското национално-ослободително и револуционерно движење. Со Уставот на Организацијата од 1896 година, и донесените Правилници за четите, бил определен организацискиот развој на македонските востанички сили. Притоа, развојот на вооружените структури се задржал на формациската единица чета, која можела да се организира во околија, село – град и реон т.е. центар. Покрај вооружените чети, активни биле и селската милиција, курирската служба, тајната полиција и ревизорските чети. Активните востанички сили во даден реон биле сочинети од селските чети заедно со околиската чета. До групирање на четите во поголеми организациско-формациски состави, како и до создавање на воено-раководни органи (штабови), дошло дури по објавувањето на востанието, поради што тие биле без потребните борбени искуства за водење борбени дејства. Можностите на четите за преземање поголеми борбени активности против османлиските воени објекти и сили, биле мошне ограничени, и тоа не само во однос на расположивото оружје и муниција, туку и во однос на организираноста, опременоста и бројниот состав.

Создавањето и развојот на воена организација според нормиран и озаконет процес во исклучително неповолни воено-политички и економски услови, нејзината поопштественост и масовност, воспоставувањето револуционерна дисциплина и

воведувањето принципи на меѓународното хуманитарно воено право, постоењето јасно одреден концепт за воено организирање, настојувањата на востаничките сили да бидат признаени како страна која војува итн., се само некои од аспектите на военото организирање од овој период кои ја збогатуваат воената традиција и историја на македонскиот народ и претставуваат придонес кон воената мисла и наука.

ЛИТЕРАТУРА

1. Ѓорѓиев, Ванчо, (2010), Подземната република, Тримакс, Скопје.
2. Ѓорѓиев, Ванчо, (2003), Слобода или смрт, Табернакул, Скопје.
3. Gül Tokay, (1996), Makedonya sorunu. Jön Türk Ihtilaliniu Kökenleri (1903–1908), Istanbul.
4. Даскаловски, Синиша, (1998), Вооружени сили на Македонија, НИП "Студентски збор", Скопје.
5. Димески, Димитар, (1982), Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893–1903), Второ издание, Скопје.
6. Илиев, Андреј, (2010), Воените операции на Османлиската војска во Македонија (1876–1909), Соларис Принт, Скопје.
7. Кавка, Ставови, Ирена, (2002), Историја на Македонија, Менора, Скопје
8. Македония и Одринско (1893–1903), (1904), Мемоар на Вътрешната Организация.
9. Пандев, Константин, (1979), Националноосвободителното движение в Македония и Тракия 1878–1903, София.
10. Пандевски, Манол, (1978), Илинденското востание во Македонија, Скопје.
11. Пандевски, Манол, (1987), Македонското ослободително дело во 19 и 20 век, т.1–4, Скопје.
12. Пепељугоски, Петар, (1988), Прилози за воената историја на македонскиот народ, НИО Студентски збор, Скопје.
13. Петров, Ѓорче, (1984), Спомени, Кореспонденција, (вовед, коментар и редакција Љубен Лапе), Скопје.
14. Полјански, Андонов, Христо, (1955), Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштегските реформи, Скопје.
15. Страници от Миналото, (1929), Извлечения от дневника на К. Кондов,

Ил.Илиндень, 2/3(13), 4(14), София.
16. Татарчев, д-р Христо, (1995), Връешната македонско-одринска револоциона организация кото митологична и реална съшност, (съставители; Цочо Билярски и Валентин Китанов), София.
17. Трајановски, Александар, (2006), Илинденското востание– Јордан Пиперката, Скопје.
18. Трајановски, Александар, (2008), Историја на Македонија, Менора, Скопје
19. Треневски, Мартин, (1998), Илинден 1903 во австралискиот печат, Скопје
20. Христов, Александар, (1978), Илинденското востание во државно-правната историја на македонскиот народ, во Прилози за Илинден, Крушево.
21. Чекаларов, Васил, Дневник, (14/27.04.1903).